# МАКЕДОНСКА РЕВМАТОЛОШКА АСОЦИЈАЦИЈА – МААР

## Упатство за докторите:

## *ПРЕПОРАКИ ЗА КОВИД-19 ВАКЦИНА НА ПАЦИЕНТИТЕ СО РЕВМАТСКИ АВТОИМУНИ И ВОСПАЛИТЕЛНИ БОЛЕСТИ*

Целта на ова Упатство е на матичните доктори, интернистите и ревматолозите да им обезбеди препораки за вакцинација со КОВИД-19 вакцина за пациентите со автоимуни и инфламаторни ревматски болести (АИРБ).

Пациентите со АИРБ се со повисок ризик за хоспитализација и полоши последици од КОВИД-19 споредено со општата популација и треба да имаат приоритет за вакцинација пред општата популација на иста возраст. Докторот треба го информира пациентот за примање на КОВИД-19 вакцина, за предностите и ризиците од вакцината и за можноста пациентите кои примаат имуномодулаторна терапија (ИМТ) да развијат послаб и пократкотраен имун одговор. Одлуката за вакцинирање секогаш треба да биде **ЗАЕДНИЧКА**. Нема контраиндикации за пациенти со АИРБ освен познатите (алергија на компонента на вакцината). Постои ризик за егзацербација на АИРБ после КОВИД-19 вакцинација.

Упатството нема за цел и не може да ја замени проценката на ревматологот и/или мислењето и изборот на пациентот. Упатството е базирано на Водичите на Британското здружение на ревматолози (British Society for Rheumatology) и Американскиот колеџ на ревматолози (ACR).

## Препораки за КОВИД-19 вакцина на пациенти со автоимуни и инфламаторни ревматски болести

| |
|---|
| Пациенти со АИРБ треба да примат КОВИД-19 вакцина.* независно дали примаат или не имуномодулаторна терапија. |
| Вакцината треба да се даде што поскоро кај добро контролирани пациенти со ниска активност на заболувањето. Кај активни пациенти, со потешки форми на АИРБ, задолжително е претходна консултација со ревматолог. |
| По вакцинација пациентите со АИРБ треба да се придржуваат и понатаму кон превентивните мерки (социјална дистанца, маска, миење на раце). |
| Членовите на семејствата на пациентите треба да се вакцинираат кога вакцината ќе им биде достапна, но немаат приоритет за рана вакцинација.<br>Нема потреба да се одредуваат IgM и IgG антитела за шилестиот (spike) протеин или нуклеокапсидните протеини на САРС-КоВ2 вирусот, ниту пред вакцинација ниту после вакцинација. |
| Елективните оперативни зафати треба да се планираат 7 дена пред или после вакцината. |

*Возраст > 16

## Кога да се даде КОВИД-19 вакцина и дали да се модифицира времето на имуномодулаторната терапија (ИМТ)

| | |
|---|---|
| **Хидроксихлорохин**<br>**Котрикостероиди (преднизонски еквивалент) доза <20mg/дневно**<br>**Сулфасалазин**<br>**Лефлуномид**<br>**Микофенолат мофетил**<br>**Азатиоприн**<br>**Циклофосфамид (орален)**<br>**Имуноглобулини интравенозно**<br>**TNF-α инхибитори,**<br>**Антитела кон IL-6R, IL-1, IL-17, IL-12/23, IL-23**<br>**Белимумаб (орален)** | Нема модификација на времето на администрација ниту на ИМТ ниту на вакцината. |
| **Абатацепт субкутан** | Не се дава 2 недели пред и 2 недели после првата доза на вакцина; нема прилагодувања за втората доза |
| **Абатацепт интравенозен** | Прва доза на вакцина се дава 4 недели после инфузијата со абатацепт а субсеквентната втора инфузија со абатацепт се одложува за 1 недела;<br>Нема прилагодувања за втората доза на вакцината |
| **Кортикостероиди (преднизонски еквивалент) ≥20mg/дневно** | Потребно е постепено намалување на КС до најниската доза на одржување пред да се дадат двете дози на вакцината; доколку е нужно дозата на КС може да се зголеми една недела после втората доза на вакцината. **Консултација со ревматолог!** |
| **Метотрексат (MTX)**<br>**JAK инхибитори**<br>**Циклофосфамид (CYC) интравенозен** | MTX, JAK инхибитори и интравенозен CYC се даваат 2 недели пред и после секоја доза на вакцина.<br>Нема модификација за вакцината |
| **Ритуксимаб (RTX)** | RTX најмалку 4 недели пред прва доза на вакцината;<br>Одложи го RTX за 2 недели после втората доза на вакцината. |

## Референци


https://www.rheumatology.org/Announcements/Breaking-News

http://arma.uk.net/covid-19-vaccination-and-msk/


март 2021